TIKVEŠ
SINCE 1885

# ОБЈАСНУВАЊЕ КОН БИЛАНСОТ НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОД 01.01.2016 - 31.03.2016

Бруто добивката за првото тромесечие од 2016 година достигна 105,7 мил. денари што е зголемување за 8%, односно за 8,1 мил. денари во однос на истиот период од минатата година. Растот на бруто добивката е резултат на зголемените приходи од продажба на домашен пазар за 17,3 мил. денари, односно за 12% и зголемените приходи од продажба на странски пазари за 3 мил. денари, односно за 3%. Вкупните приходи од продажба достигнаа 251 мил. денари, односно се оствари зголемување од 9%.

Оперативната добивка е зголемена за 6%, односно за 1,6 мил. денари, како ефект на оптимизирањето на оперативните приходи и расходи соодветно на продажбата.

Како резултат на зголемената оперативна добивка и пониските финансиски расходи остварена е добивка од редовно работење од 15 мил. денари, што претставува зголемување за 2,5 мил. денари.